# ИЗВЕШТАЈ

## од Самоевалуација на ООУ “Владо Тасевски“ за период 2022-2024 година

Врз основа на член 129 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.191/19 и 229/20 ) Општинското основно училиште извршi самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 06.05.2022 година формираше ***Комисија за спроведување на самоевалуацијата*** во следниот состав:

1. Виолета Панев, предметен наставник
2. Марија Анѓелеска, предметен наставник
3. Весна Филиповска, дефектолог
4. Александра Николиќ, одделенски наставник
5. Сања Каревска, родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2022-2024 година. За нејзино изготвување беа користени насоките од Законот за Основно образование и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ. За успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| ТИМ ЗА САМОЕВАУЛАЦИЈА ПО ПОДРАЧЈА 2022-24 | | |
|---|---|---|
| | Подрачје | Координатори и членови на тимот |
| 1. | Планирање, настава и учење | ***Марија Анѓелевска***<br>Тим: Наташа Стефановска, Мирјана Стојковска, Ирена Кофиловска, Жаклина Трајкова |
| 2. | Постигања на учениците | ***Весна Филиповска***<br>Тим: Верче Атанасова, Мирјана Николовска, Весна Филева, Билјана Ингилизова |
| 3. | Училишна клима и односи во училиштето | ***Соња Тануркова***<br>Тим: Кети Таневска, Јованка Симоновска, Александра Николиќ,Санда Пулевска Гочев |
| 4. | Управување, раководење и креирање политики | ***м-р Слободанка Бадаровска***<br>Тим: Мирјана Андреска, Жаклина Миланкова, Силва Атанасова, Елена Панова Наумова, Менде Дамчески |

*м-р Викторија Кочевска, директор на училиштето,*
*д-р Виолета Панев, координатор на тимот за Самоевалуација и техничка поддршка*

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето. Работата на училиштето во четирите подрачјата согласно добиените резултати и анализата на статистиката е оценета со меѓуниво - многу добро и добро. По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на __________ 2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето. Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

***Подрачје 1: Планирање, настава и учење***

**Опис/резиме на подрачјето – Многу добро**

*Наставниот план и програма* во ООУ Владо Тасевски, Скопје се реализира целосно според однапред утврдени прописи од БРО и МОН. Наставниците редовно и навремено ја планираат наставната работа според потребните дидактичко – методски барања. Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата со поддршката од директорот и стручната служба преку насочување, следење, анализирање, активирање и мотивирање на работата на вработените.

*Редовно се следи работата на наставниците* кои континуирано разменуваат искуства за планирањата локално во рамките на стручните активи, но користат и стручни искуства од различни медиуми и на регионално ниво со други училишта.

Наставата се реализира редовно и во текот на учебната година учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот. *Задачите и активностите наставниците* ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците преку употреба наразлични приоди и ресурси за учење и настава

*Изборните/слободните изборни активности* и предмети се во согласност со наставните планови и програми и доследно се почитуваат потребите и интересите на учениците.

*Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците* е на завидно ниво. Наставниците промовираат можности за целосно прифаќање и вклученост на сите ученици и градат соработка врз основа на почитување и разбирање која води кон постигнување на целите на часот.

*Инклузивниот тим* на училиштето обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. *Тимот за училишна интеграција* го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план, но според анкетираните ученици мал

број од учениците биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури. Сепак училиштето преку соработката со партнер-училиштата од земјата и странство, нуди одлични можности за зголемена интеракција на децата со ученици кои учат на различен јазик.

Учениците и родителите го доживуваат *училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина*, што поттикнува интерес за учење.

Училиштето на ниво на стручни активи има изградени *критериуми за оценување*, усогласени со националните стандарди за постигања. Напредокот научениците е континуирано следен преку различни методи и техники и се давааат *повратни информации* на учениците за нивната работа и по потреба се вклучуваат во додатна или дополнителна настава. Некои ученици не сметаат дека оценувањето на сите ученици е праведно.

Училиштето планира и реализира разновидни *воннаставни активности* вклучително и општествено-хуманитарни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците, доста ученици се вклучени, но неопходно е презентација и запознавање на другите ученици со успешните искуства.

Училиштето организира *училишни натпревари* за селекција на ученици за натпревари по различни области кои понатаму успешно се натпреваруваат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво.

**Силни страни**

- Наставниците добиваат постојана поддршка од директорот и стручните служби
- Наставниците одлично соработуваат и разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи
- Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем
- Родителите и учениците се запознати со листата на изборни предмети и активности согласно интересите на учениците
- Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците
- На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот;
- Најголем дел од наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, ги пофалуваат за нивниот труд, со што создаваат мотивирачка средина за учење; наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.
- Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели
- Наставниците постојано ги мотивираат и поттикнуваат учениците да учествуваат на натпревари, што, пак, резултира со голем број освоени награди на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари

**Слаби страни**

- Дел од учениците сметаат дека не добиваат јасни насоки од страна на наставниците во поглед на тоа што треба да учат за секоја оценка и притоа не се согласуваат дека оценувањето на секој ученик е праведно
- Мал број од учениците и родителите сметаат дека учениците не се доволно вклучени во изготвувањето на планирањето на воннаставните активности и делумно сметаат дека учениците се од активности кои се реализирани со ученици на друг наставен јазик / други култури.

**Приоритети**

- Во делот со воннаставните активности постои потреба од засилено вклучување на учениците во изготвувањето на планот, како и креирање

на активности кои се восогласност со нивните интереси.

- Зголемена транспарентност на критериумите за оценување и редовно известување/објаснување на учениците за начинот на оценување на нивниот труд
- Зголемување на активности во кои поголем број ученици ќе бидат вклучени во работилници со ученици од друга култура и друг наставен јазик.

***Подрачје 2: Постигања на учениците***

**Опис/резиме на подрачјето – Многу добро**

Училиштето континуирано ги следи *постигањата на учениците* по сите наставни предмети во одделенска и предметна настава. На секој квартал се врши анализа на постигнатите резултати на учениците по паралелки, предмети, по пол и по етничка основа. Постигањата на учениците училиштето ги подобрува преку користење на современи методи и техники на работа, дигитални апликации и следење на дополнителна и додатна настава. Професионалните заедници за учење на наставниците овозможуваат размена на позитивни искуства, со што се подобрува квалитетот на наставата и нивото на постигања на учениците.

*Идентификација на учениците со тешкотии во учењето и на учениците со посебни образовни потреби*, училиштето ја врши континуирано од страна на одделенските и предметните наставници, стручните соработници, но постои потреба од дополнителни обуки за посоодветно изготвување на ИОП, посоодветна идентификација и третман. Преку и*дентификација на надарените ученици* наставниците во соработка со стручната служба во училиштето ги вклучуваат учениците во разни секции или додатната настава и вон наставните активости кои промовираат стекнување вештини и способности од предметните подрачја, јазични, дигитални и интеркултурни компетенции.

Во поглед на *опфатот на учениците*, училиштето ги опфаќа сите ученици од својот реон.

Училиштето постојано ги известува родителите за *напредокот на учениците* преку групни и индивидуални разговори, родителски средби, евидентни листови, повратни информации, е-дневник, приемен ден на наставникот, отворен ден во училиштето, водење на портфолио за ученикот и др. Одделенските наставници и раководителите квартално поднесуваат извештај за успехот на секој ученик и паралелки по предмети.

Секој наставник во текот на цела учебна година ги *следи постигањата на учениците* преку примена на формативно и сумативно оценување. Училиштето води грижа за редовноста на учениците и дава повратна информација за отсуствата на ученикот и изречените педагошнките мерки.

**Силни страни**

- Промовирање на способностите и интересите на учениците надвор од редовната настава
- Инволвирање на учениците со посебни потреби во рамките на редовната настава
- Постигнување на високи резултати на натпревари и истакнување на првенец на генерација во 9 одд.
- Пружање на помош и поддршка од страна на стручен соработник дефектолог во работата со деца со посебни потреби, нивното вклучување во редовната настава и вonнаставни активности
- Стручно оспособен, високо квалификуван наставен кадар кој работи на постојано образување и усовршување
- Редовно водење на педагошката евиденција и документација и е-дневник
- Обучени наставници кои умеат да ги препознаат потребите на учениците, да ги идентификуваат надарените ученици и учениците со

- потешкотии
- Редовно следење на успехот и психо-физичкиот напредок на учениците

**Слаби страни**

- Учениците недоволно се информирани за критериумите на оценување по сите наставни предмети
- Недоволна анализа за причините на намален постигнатиот успех по одделни наставни предмети

**Приоритети**

- Обука на наставниците за давање на повратна информација на учениците во однос на нивните постигања
- Анализа на причините за понеуспешниот резултат по одредени наставни предмети

***Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето***

**Опис/резиме на подрачјето - Добро**

Самоевалуацијата покажа дека нивото на третото подрачје, *Училишна клима и односите во училиштето* е на ниво добро. Кодексот на училиштето се почитува и важи за сите субјекти во ВОП, учениците се чуствуваат безбедно и прифатено од другите деца и наставници и сакаат да одат во училиште. Тие учествуваат во сите активности кои се однесуваат на решавање конфликти предизвикани од насилно и ненасилно однесување, односно врсничко насилство.

*Родителите активно се вклучени* во сите активности во однос за правата на децата и нивните ставови се имплементираат во одлуките. Наставниците преку голем број на работилници ги запознаваат родителите со правата и обврските на децата. Преку разговори, презентации и работилници учениците добиваат информации и знаење за *идентификување на несоодветно однесување* како во училиштето така и во секојдневниот живот како и знаење за заштита од штетни влијанија и пороци. Родителите директно се запознаени и инволвирани во сите активности што се однесуваат на превенција од зависности исто така.

*Наставниците и педагошко психолошката служба ги детектираат способностите на учениците* за одреден тип на понатамошно образование, но сепак кај учениците владее тренд на училишта кои се моментално актуелни. Анкетите од тврдењата истакнати во слабите страни покажуваат дека треба уште поактивно да се работи на одредени прашања од интерес на учениците и образовниот процес во целина.

**Силни страни**

- Учениците во училиштето се чувствуваат сигурно и безбедно, сакаат да одат во училиште, учествуваат во донесување на заеднички правила за однесување и запознаени се со последиците доколку не се почитуваат истите.
- Родителите се информирани за кодексот на однесување во училиштето и нивните деца сакаат да го посетуваат училиштето, бидејќи дисциплината е на високо ниво.
- Наставниците ги мотивираат учениците на контиунирано учество во донесувањето одлуки, како и поставување прашања кои се во нивен интерес и исто така се мотивирани да учествуваат во донесување и почитување на правилата во училиштето.
- Учениците целосно се запознаени и можат да идентификуваат несоодветно однесување во училиштето и исто така учествуваат во решавање на конфликтни ситуации. Учествуваат во работилници за превенција од штетни влијанија (пушење, алкохол и наркотични средства).

**Слаби страни**

- Поголем број на ученици се изјасниле дека не се согласуваат дека Наставниците ги разбираат потребите и проблемите на учениците.
- Поголем број од родителите се изјасниле дека не се согласуваат со тврдењето дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците.
- Во училиштето има активности за запознавање со правата на децата во училиште, сепак родителите/старателите се изјасниле дека учениците не биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата во училиштето.
- Поголем број од испистаните ученици не се согласуваат со тврдењето дека училиштето е чисто и уредно.
- Професионалната ориентација на учениците во училиштето не се препознава како ефективна

**Приоритети**

- Развивање на чуството на емпатија кај наставниците за поголемо разбирање на потребите и проблемите на учениците
- Начинот на пренесување на информации да се подобри - родителите поажурно да ги следат информациите од реализираните активности објавени на веб страна, на социјални мрежи и информации кои се споделуваат од страна на родителот член на Совет на Родители .
- Зајакнување на бројот на вработени од технички персонал во училиштето кое е урбано и многубројно и поголемо вложување од страна на локалната самоуправа за подобрување на хигиената.

***Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики***

**Опис/резиме на подрачјето - Многу добро**

Училиштето има *пропишани процедури за донесување училишни политики* во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители.

*Училишниот одбор* е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на Училишниот одбор е дефинирана со деловникот за работа и постои транспарентност во одлуките кои ги донесува. Постои соработка меѓу Училишниот одбор и раководниот орган на училиштето како и другите училишни структури. Директорот работи тимски при процесот на обезбедување квалитет на наставата, ги имплементира новините во образованието; има план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

*Библиотеката* е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот но поради ограничените просторни капацитети библиотеката нема читална.

Училиштето има *соодветен наставен и струченкадар за реализација на сите наставни планови и програми*. Програмата за нивниот професионален развој е изготвена врз основа на личните развојни планови и се вклучени во интерни и екстерни обуки, согласно нивните потреби, образовните реформи и современите образовни текови. Директорот и стручните соработници успешно ја *следат работата на наставниците*, кои *континуирано* добиваат конструктивна повратна информација.

Училиштето има воспоставено механизми за *оддавање признанија на кадарот*, што придонесува за негова мотивација.

*Целите во развојната програма* се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето.

Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор. Директорот ги информира органите и телата во училиштето за *училишниот буџет* и постои

финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетот се користи наменски и за цели кои се фокусирани за подобрување на квалитетот на наставата, подобрување на постигнувањата на учениците како и развојот на училиштето во целина.

Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

*Раководниот орган* има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште и воспоставува партнерства со непосредната локална средина.

*Наставниот кадар* е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.

**Силни страни**

- Директорот успешно се справува со сите новитети во образовниот процес и редовно ги согледува потребите на наставниот кадар.
- Директорот има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на најнови знаења и вештини, вклучувајки и способносот ефикасно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој.
- Јасна визија и мисија за развојот и напредокот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители.
- Училиштето редовно изготвува развоен план, по кој се раководи.
- Училиштето работи транспарентно согласно сите законски норми.
- Училиштето транспарентно го изнесува предлог буџетот по кој се раководи на годишно ниво.
- Обуки - Наставниците следат многу интерни и екстерни обуки за работа со деца со ИОП и редовно се одржуваат дисеминации со оваа цел.
- Редовно спроведување на отворен ден за родители - секој последен четврток во месецот, на кои родителите имаат можност директно да комуницираат со наставниците во училиштето.
- Успешна соработка со локалната самоуправа, фирми, родители, институци.

**Слаби страни**

- Застарени наставно нагледни средства и технички помагала.
- Библиотеката нема читална поради ограничени просторни капацитети.

**Приоритети**

- Набавка на ИТ техника и внатрешно уредување (промена на внатрешни врати и подови во училниците)
- Превземање мерки и активности за обновување на застарените наставно нагледни средства и технички помагала.
- Проширување на просторните капацитети на библиотеката ( читална).
- Оддржливост на позитивно управување и раководење со училиштето преку взаемно почитување на основните принципи и начела на комуникација (демократичност, принципиелност, еднаквост, почитување на различностите, прифаќање на иновативни идеи и предлози и сл.).
- Постојана соработка со родителите како партнери во ВОП на децата.

*м-р Викторија Кочевска, директор на училиштето,*
*д-р Виолета Панев, координатор на тимот за Самоевалуација и техничка поддршка*

***Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:***

- Засилено вклучување на учениците во изготвувањето на планот, како и креирање на активности кои се восогласност со нивните интереси
- Зголемена транспарентност на критериумите за оценување и редовно известување на учениците за начинот на оценување
- Обука на наставниците за давање на повратна информација на учениците во однос на нивните постигања
- Зголемување на активности и работилници со ученици од друга култура и друг наставен јазик
- Анализа на причините за неуспешно напредување по одредени наставни предмети преку прашалници и состаноци со Ученички парламент
- Развивање на чуството на емпатија кај наставниците за поголемо разбирање на потребите и проблемите на учениците
- Зајакнување на начинот на споделување информации до родителите и нивно насочување кон сите медиуми, ресурси и извори на инфо
- Постојана соработка со родителите како партнери во ВОП на децата
- Зајакнување на бројот на вработени од технички персонал и поголемо вложување од страна на локалната самоуправа за подобрување на хигиената во ова големо урбано училиште
- Набавка на ИТ техника и внатрешно уредување (промена на внатрешни врати и подови во училниците)
- Превземање мерки и активности за обновување на застарените наставно нагледни средства и технички помагала.
- Проширување на просторните капацитети на библиотеката (читална)
- Оддржливост на позитивно управување и раководење со училиштето преку взаемно почитување на основните принципи и начела на комуникација (демократичност, принципиелност, еднаквост, почитување на различностите, прифаќање на иновативни идеи и сл.).

***Комисија за спроведување на СЕУ:***

1. Виолета Панев, предметен наставник
2. Марија Анѓелеска, предметен наставник
3. Весна Филиповска, дефектолог
4. Александра Николиќ, одделенски наставник
5. Сања Каревска, родител

м-р Викторија Кочевска, директор

________________________________________

Претседател на Училишен Одбор

________________________________________

Скопје, 8 јули 2024



n-gl.com